Врз основа на член 9 став 5 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001 и 5/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.06.2003 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ РАБОТНИ МЕСТА И НА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА ЗАДАЧИТЕ ЗА ЛИЦАТА КОИ ЌЕ ГО СЛУЖАТ ВОЕНИОТ РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА**

1. Во Одлуката за давање согласност на определените работни места и на видот и обемот на задачите за лицата кои ќе го служат воениот рок во цивилна служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2003), по точката 1 се додава нова точка 1-а, која гласи:

„1-а Прегледот на организации, установи и противпожарни единици со определени работни места и видот и обемот на задачите на кои ќе се служи воен рок во цивилна служба, е составен дел на оваа одлука (Прилог бр. 1).“

2. Објавениот Преглед на организации и установи со определени работни места и видот и обемот на задачите на кои ќе се служи воен рок во цивилна служба, се заменува со нов Преглед на организации, установи и противпожарни единици со определени работни места и видот и обемот на задачите на кои ќе се служи воен рок во цивилна служба (Прилог бр. 1).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2799/1
9 јуни 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Прилог бр. 1

П Р Е Г Л Е Д
НА ОРГАНИЗАЦИИ, УСТАНОВИ И ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ СО ОПРЕДЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА И ВИДОТ И ОБЕМОТ НА ЗАДАЧИТЕ НА КОИ ЌЕ СЕ СЛУЖИ ВОЕН РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА

| Ред. бр. | Организации, установи и противпожарни единици во кои ќе се служи воен рок во цивилна служба | Работни места, вид и обем на задачите |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Медицински центар - Штип | - општи и помошни работи во различни работни единици |
| 2 | Медицински центар - Кавадарци | - лекар, стоматолог, дипломиран правник, економист, лаборант, заботехничар, медицински техничари, техничар-електро енергетичар, автосообраќаен техничар, кандидати со средно образование - гимназија, ВКВ и КВ работници, бравари, автомеханичари, столари |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Медицински центар - Куманово | - одржувач на хигиена<br>- занаетчиски работи (молер, електричар, столар)<br>- болничар<br>- вратар-портир<br>- работник со стручна подготовка од областа на медицината |
| 4 | Медицински центар - Прилеп | - лекар<br>- стоматолог<br>- психолог<br>- средно и виш медицински кадар од сите профили<br>- занаетчија<br>- општ работник |
| 5 | Медицински центар - Битола | - медицински техничар<br>- болничар<br>- чистач<br>- возач на моторни возила<br>- ракувач со парни котли<br>- електричар<br>- водоводџија<br>- заварувач<br>- останати технички работници<br>- лекар |
| 6 | Медицински центар - Гостивар | - лекар од општа пракса, стоматолог, виш здравствен работник, медицински техничар, лаборант, забен техничар, фармацевтски техничар, физиотерапевтски техничар, забен асистент, возач, автомеханичар, КВ и ВКВ работник од услужна техничка служба |
| 7 | Медицински центар - Охрид | - лекар<br>- медицински техничар<br>- болничар |
| 8 | Клинички центар - Скопје | - комунален сервис<br>- занат сервис (електричари, водоводџии)<br>- централна перална (машински перачи)<br>- сектор енергетика (заварувачи)<br>- о.е клиники (лаборанти, болничари) |
| 9 | ЈУ Специјален завод - Демир Капија | - лекар<br>- медицински техничари<br>- физиотерапевт<br>- неговател |
| 10 | ЈУ Завод за заштита и рехабилитација - Бања Банско Струмица | - помошен персонал во зависност од нивната квалификација |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | ЈУ Старски дом „Сју Рајдер“ Битола | - лекари специјалисти:<br>интернист и невропсихијатар<br>- неговател<br>- чувар-портир<br>- хаус мајстор/со познавање на браварски работи и електричарски работи |
| 12 | ЈУ Старски дом „Киро Крстевски Платник“ - Прилеп | - лекар-општа пракса<br>- социјален работник<br>- физио-терапевт<br>- хигиеничар<br>- портир |
| 13 | ЈУ „Зафир Сајто“ - Куманово | - медицински техничар<br>- болничар<br>- електричар и електроничар<br>- лекар<br>- кувар<br>- чувар |
| 14 | Геронтолошки завод „13 Ноември“ - Скопје | - одржувач на дворни површини<br>- работа во перална<br>- утовар-растовар<br>- хигиеничар |
| 15 | ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми - Скопје | - општи и помошни работи |
| 16 | Републички центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака“ - Скопје, во дневните центри во Скопје и Кочани | - дефектолог, социолог, психолог, педагог, наставник, лекар, психијатар и општ и помошен работник |
| 17 | Територијална противпожарна единица во: Скопје, Битола, Ресен, Прилеп, Македонски Брод, Струга, Кичево, Тетово, Гостивар, Куманово, Штип, Струмица, Радовиш, Кочани, Берово, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Валандово | - пожарникар |